**ПОВИК ЗА АПСТРАКТИ ЗА**

# Осмата студентска филолошка конференција

# „Како си ми?“

**КОГА:** **7 мај 2022 година (сабота)**

**КАДЕ:** во живо, на кампусот на факултетот, со опција оние што не може да допатуваат од странство да излагаат на онлајн платформата ЗУМ

**ЗА КОГО:** Студент(к)и на прв или на втор циклус студии на кој било факултет и универзитет во Република Северна Македонија и во странство, како и за веќе дипломирани/магистрирани студент(к)и во тековната 2020/2021 студиска година, странски студенти

**ФОРМАТ:** Поединечно или групно излагање со траење од 10 минути

**ТЕМИ:** Од филологијата, лингвистиката, книжевноста, културата, методиката, филозофијата, преведувањето и толкувањето; како и споредбени, интермедијални и интердициплинарни теми

**РАБОТЕН ЈАЗИК:** македонски и англиски јазик

**РОК ЗА ПРИЈАВА:** **20 април 2022 година во 10:00 часот**

**НАЧИН НА ПРИЈАВА:** Испраќање на лични податоци на сите учесници: име, презиме, циклус и година на студии, катедра, факултет, универзитет, мејл адреса за контакт; тема на излагање, јазик на излагање и апстракт (од 150 до 200 зборови) на kakosimi.flf@gmail.com во прикачен документ од типот „Microsoft Word Document (.docx)“

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИФАТЕНИ АПСТРАКТИ:** **25 април 2022 година**

**РОК ЗА ИСПРАЌАЊЕ ТЕКСТОВИ:** **1 октомври 2022 година**

**КОНТАКТ:** kakosimi.flf@gmail.com
facebook.com/kakosimi.flf
kakosimi.wordpress.com
https://www.instagram.com/kakosimi.flf/

**ВАЖНО:** Сите трошоци за патување и сместување се на кандидатите. Исклучок може да направиме во однос на сместувањето, но бидејќи бројот на места што можеме да ги обезбедиме е ограничен, известете нè во мејлот. Секој случај ќе го разгледаме засебно.

**„Како си ми?“** е филолошка конференција организирана од студенти на **Филолошкиот факултет „Блаже Конески“** во Скопје.

Идејата е со оваа конференција да се поттикне интересот кај студентите за истражувачка работа, јавна презентација и дискусија на темите што ги интересираат за време на студиите. Со овој настан на студентите им се дава прилика да зборуваат за своите академски интереси пред колеги, професори и заинтересирани љубители на филологијата. Иницијативата која како идеја се роди во февруари 2015 година веќе прерасна во традиционален настан на кој учествуваат студенти не само од Филолошкиот, туку и други факултети од државата и од странство. По излагањата секогаш се развиваат интересни дискусии на актуелни теми од сите области на филологијата.

Организацискиот тим на конференцијата работи волонтерски и се труди да организира и придружни активности, предавања, работилници и неформални дружења.